Информативен билтен
Септември 2007

Вовед

Од почетокот на новиот милениум значаен развој е постигнат во однос на положбата на лицата со хендикеп во општеството.

Во 2003 година Европската Унија ја промовираше Европската Година на Лицата со Хендикеп под мотото „ништо за нас, без нас“. Како надополнување на Европската Година, Европската Комисија промовираше Акционен план за прашањето на хендикеп, кој се фокусира на трудот на Комисијата за имплементација на еднаквите права и можности на лицата со хендикеп во Европа.

Во септември 2006 година во Сант Петерсбург (Русија), Советот на Европа го промовираше својот Акционен план за прашањето на хендикеп 2006-2015, а само неколку месеци подоцна, Конвенцијата на Обединетите Нации во Њујорк донесе договор за Правата на лицата со хендикеп.

Сите три документи водат во иста насока: кон промена на моделот на општеството, кон промена во пристапот за прашањето на хендикеп од страна на граѓаните, властите, политичарите, истражувачите и сервисите. Станува збор за промена од сеграгација кон инклузија, од фокусирање на хендикепот кон признавање на можностите на луѓето.

Медицинскиот модел се заменува со социјален, граѓански пристап со почитување на човековите права. Ние, како Европска Асоцијација на сервисни служби сметаме дека ваквите позитивни промени се добредојдени, посебно поради фактот што тие водат кон еднакви можности и кон целосно учество на лицата со хендикеп во општеството како еднакви граѓани.

Како сервиси, ние треба внимателно да ги проучиме и да започнеме со имплементација на овие меѓународни документи. Резултатите се многу важни, а предизвикот е голем. Но, како мрежа од сервисни служби, EASPD е обврзана да даде свој придонес во овој исклучително важен процес.

Во овој билтен ќе се претстават повеќе информации за концептите, вредностите и принципите вклучени во различни документи, а ќе се истражуваат и различните начини како истите да се имплементираат.

Генералното собрание на EASPD во Лисабон (во ноември) ќе се фокусира на имплементацијата на овие три многу важни документи и на улогата на сервисните служби на тоа поле.

Ние им посакуваме на сите наши членови да ги искористат можностите и најдобро да одговорат на предизвиците презентирани во документите, во месеците и годините што доаѓаат.

Брајан О'Донел, Претседател на EASPD и Лук Зелдерло, генерален секретар на EASPD

Brian O'Donnell

Luk Zelderloo

Конвенција на Обединетите Нации за Правата на лицата со хендикеп

Конвенцијата на Обединетите Нации и социјалните служби

(Jelle Reynaert – Офицер за Законска Политика во ЕАСПД)

Конвенцијата на Обединетите Нации е прв сеопфатен договор за човековите права во 21-от век, а во исто време и прва конвенција за човекови права која е отворена за потпишување од регионалните организации за интеграција. Оваа спогодба обележува „промена на моделот" во однесувањето и пристапот кон лицата со хендикеп.
Конвенцијата ги отсликува клучните елементи на политиката на Европската Унија, но сепак, со потпишување на истата, Европската Унија и другите земји членки превземаат голема одговорност. Со цел да се информираат сервисните служби за влијанието на Конвенцијата врз нивното работење, најважните членови кои ги засегаат сервисните служби следат подолу:

Член 2: дефиниции
- Пристојно сместување: недоволно пристојното сместување претставува форма на дискриминација
- Универзален дизајн: услугите/сервисите треба да бидат употребливи за сите луѓе

Член 19: независно живеење и вклученост во општеството
- Соодветните служби и ресурси треба да бидат достапни на локално ниво. Тоа придонесува лицата со хендикеп да имаат можност да живеат во нивната локална заедница.

Пристапноста до сервисите е трансверзална тема која ги поврзува:
- Членот 9: пристап до информации (пример гестовниот јазик)
- Членовите 13 и 29: пристап до официјалните сервиси за поддршка со цел вклучување во јавниот и политичкиот живот.
- Член 24: системи на инклузивно образование со соодветни процедури кои ќе го олеснат учењето на Браевото писмо и гестовниот јазик.
- Член 25: пристап до здравствените услуги (се однесува на репродуктивното здравство)
- Член 27: пристап до програмите за социјална заштита и намалување на сиромаштијата.
- Член 30: пристап до спорт и култура.

Учеството на лицата со хендикеп во процесите на донесување одлуки е трансверзална тема:
- На индивидуално ниво: взаемна поддршка (член 26) и личен избор (член 20).
- На ниво на сервисите: локална поддршка (член 19).
- На ниво на системи и закони: регулација на сервисите (член 4.3).

Специфични мерки за поддршка на лицата со хендикеп (посебно се однесува на личниот избор, пристапната цена и близината на сервисите) е тема која се провлекува низ конвенцијата:
- Пристапни уреди/помагала и сервиси за лична асистенција во:
    - Член 20: лична мобилност
    - Член 26: Рехабилитација, вклучувајќи ги секторот за здравство, социјалните служби, секторот за вработување и секторот за образование...

Следните членови се однесуваат на професионалците и персоналот што работи со лицата со хендикеп:
- Член 4: Обука за правата кои се идентификувани во конвенцијата со цел подобро обезбедување на асистенцијата и услугите кои се загарантирани со тие права..
- Член 9: Обука на клучните актери во врска со пристапноста.
- Член 25: Обука за здравствените работници за да им овозможат на лицата со хендикеп еднаква медицинска грижа, базирана на слободен пристап до услугите
- Член 26: Промовирање на почетна и континуирана обука на лицата кои работат во сервисите за рехабилитација.

Јасно е дека за ефективна имплементација на конвенцијата, социјалните служби ќе имаат главна улога. Главниот предизвик за нив ќе биде да го намалат јазот помеѓу легислативата/законите и практиката/ човечките животи. EASPD се обврзува да превземе сопствена обврска да развие алатки за ефикасна и ефективна имплементација на Конвенцијата.

Факти

Име: Конвенција за правата на лицата со хендикеп

Релевантно: Конвенцијата – првата клучна спогодба во 21-от век – претставува важен правен инструмент кој забранува дискриминација на лицата со хендикеп во сите области на животот и вклучува карактеристични услови поврзани со вработувањето, образованието, здравството и пристапот до информациите, јавните објекти и сервисите.

Пристап: Конвенцијата е одредена како инструмент за човекови права со димензија на чист социјален развој. Таа усвојува широка категоризација на лицата со хендикеп и повторно утврдува дека лицата со било кој хендикеп мора да ги уживаат сите човекови права и слободи. Разјаснува и одредува како лицата со хендикеп да ги применат сите категории на права и идентификува области во кои треба да се направат промени за лицата со хендикеп, со цел ефикасно да ги уживаат своите права и области, во кои нивните права се прекршуваат и каде треба да се зајакне заштитата на правата.

Начин на дејствување: Конвенцијата стана ефективна после еден месец од кога беше рафикувана од најмалку 20 земји. Денес, Конвенцијата ја имаат потпишано повеќе од сто земји од целиот свет.

Повеќе информации: *http://www.un.org/esa/socdev/enable/*

Позицијата на EASPD: EASPD активно беше вклучена во градењето на позицијата на Европската Унија во врска со Конвенцијата на Обединетите Нации. Бидејќи сервисните служби играат голема улога во имплементација на Конвенцијата, EASPD ќе развие алатки да им помогне на сервисните служби што ќе ја имлементираат.

Belinda Pyke

Интервју со Г-ѓа Belinda Pyke за конвенцијата на ОН

(Европска Комисија – Сектор Вработување – Директор на директориумот „Еднаквост помеѓу Мажите/Жените, Активности против дискриминација и Цивилно општество“ во кој се наоѓа и одделот за хендикеп)

Која е важноста на конвенцијата на ОН за лицата со хендикеп од Европа?

Усвојувањето на Конвенцијата пред една година забележа вистински чекор нанапред во однесувањето кон лицата со хендикеп и Комисијата се обврза да ја промовира комплетната имплементација на Конвенцијата, која ќе потсетам, се стреми да обезбеди целосно и еднакво уживање на човековите права и фундаментални слободи на над 650 милиони лица со хендикеп ширум светот, од кои 50 милиони граѓани со хендикеп на Европската Унија.
Европската Заедница (претставувана од Германското претседателство) ја потпиша Конвенцијата во Њујорк на првиот ден кој беше отворен за потпишување (на крајот на март), заедно со повеќето земји членки на Европската Унија. Би додала дека Европската заедница за прв пат потпишува една ваква клучна Конвенција за човекови права на Обединетите Нации. Како што истакна комесарот Владимир Спидла, потпишувајќи ја конвенцијата на денот на нејзината промоција, Европа ќе остане на чело на овој важен процес за јакнење на правата на лицата со хендикеп и во напредувањето на Европската Стратегија за прашањето на хендикеп.

Како ќе ја опишете стратегијата на Европската Унија во однос на имплементацијата на конвенцијата? Како ја гледате улогата на Високостепената Група за прашањето на хендикепот? Каде го сместувате акциониот план за прашањето на хендикеп во пошироки рамки?
Потписите сами по себе не се доволни. Сега ние треба да се движиме кон остварување на следната фаза, а тоа е ратификација на Конвенцијата од земјите членки и нејзиното комплетирање од страна на Европската Заедница, а потоа да се осигураме дека истата се рефлектира и во законите и во праксата. Мене ми е задоволство да кажам дека во јуни на првиот неформален состанок на Министри во Берлин, чија главна тема беше прашањето на

хендикепот, Европската Комисија и земјите членки ја потврдија потребата да работат заедно во соработка со оние кои се најзасегнати, да развијат заедничка стратегија за имплементација на Конвенцијата.
Важен инструмент за ова ќе биде Европската Високостепена Група, со која раководам јас. Ни беше дадена задача да осигураме размена на информации и добри практики и да идентификуваме заеднички потешкотии и нивното разрешување. Сето тоа, понатаму ќе го изнесеме на следните министерски конференции за прашањето на хендикеп на идните претседателства на Европската унија за прогресот на имплементацијата на Конвенцијата.
Секако нашата работа е олеснета поради фактот што Конвенцијата на Обединетите Нации ги вклучува основните елементи на постоечката Стратегија на Европската Унија за прашањето на хендикеп, антидискриминацијата, еднаквите можности и активната инклузија. Сега подготвуваме Акционен план за 2008-2009-та за донесување на Стратегијата и темата пристапност, што е еден од принципите на Конвенцијата, ќе биде основа за нашите предлози.

Какво е значењето на Конвенцијата на ОН за обезбедувачите на социјалните сервиси за лицата со хендикеп?
Конвенцијата на Обединетите Нации категорично ги споменува сервисните служби во членот 26 за „хабилитација и рехабилитација“ и укажува на одредени карактеристики кои сервисните служби треба да ги поседуваат. Дозволете ми да истакнам два аспекти: близината на тие сервисни служби до самите лица со хендикеп и обуката на професионалците и персоналот кои ги дава тие услугите. Соодветното усогласување на овие два услови ќе има позитивно влијание врз квалитетот на услугите и несомнено се релевантни за организациите кои ги нудат тие услуги, кои треба да одговорат на овие предизвици.
Квалитетни социјални сервиси се предуслов за лицата со хендикеп да ги остварат своите права, на пример, да живеат независно како што е споменато во членот 19 во Конвенцијата на Обединетите Нации. На тој начин социјалните сервиси имаат можност да одговорат на зголемената потреба за квалитетни услуги кои се финансиски достапни, пристапни и флексибилни на различните потреби на лицата со хендикеп.

ЕАСПД и се заблагодарува многу на г-ѓа Пјук за топлата соработка во ова интервју и и посакува се најдобро во нејзината понатамошна работа.

Ingrid Körner

Ingrid Körner
Претседател на Инклузија Европа, Данска

„Конвенцијата на ОН како и Акционите Планови на Европската Комисија и Советот на Европа се базирани на идеата дека лицата со (интелектуална) попреченост се граѓани со еднакви права. Ова укажува на фактот дека тие се многу повеќе од корисници на услуги, и секое именување само со „корисници или засегнати страни“ е неправедно. Како еднакви човечки суштества тие имаат право да бидат сметани како лица кои имаат потреба од сервиси за поддршка само во некои одредени области на нивниот живот. Предизвикот наметнат од споменатите меѓународни дкументи за сервисните служби, како и за самозастапувачите, членови на семејствата и за Inclusion Europe како организација што ги претставува е да им даде на лицата со интелектуална попреченост КОНТРОЛА врз нивните сервиси, а не само мало учество во одлуките кои се однесуваат за нивниот личен живот и иднина”.

Фил Маден
Директор за развој на сервиси, Home Farm Trust (HFT) – Велика Британија

Конвенцијата нема директно влијание на досегашната практика, бидејќи законите на Обединетото Кралство се прилично јасни по прашањето на дискриминацијата, и се построги од Конвенцијата. Како и да е, ќе и даде тежина на дискусијата за тоа како да се биде креативен во борбата против дискриминацијата.

James Churchill
Извршен директор на Асоцијацијата за Вистински Промени (ARC) - Велика Британија

Прекрасното нешто кај Конвенцијата на ОН е што обезбедува меѓународен стандард со кој земјите ќе може да се оценуваат. Ниту една земја неможе да го игнорира фактот дека правата на лицата со хендикеп не се само јасно меѓународно признаени, туку исто така значи дека истите треба да бидат спроведени во секоја земја. За членовите на АРЦ, Декларацијата на Обединетите Нации не прави некоја голема разлика за начинот на кој ние во Обединетото Кралство ги правиме работите, но ќе им даде на индивидуалците алатки кои ќе осигураат дека нашите локални власти вистински ќе го допрат проблемот на дискриминација и бареирите за инклузија.

Акционен план на Советот на Европа за промоција на правата и целосно учество на лицата со хендикеп во општеството: подобрување на квалитетот на животот на лицата со хендикеп во Европа 2006 – 2015.

Подобрување на квалитетот на животот на лицата со хендикеп во Европа преку Акциониот План за прашањето на хендикеп на Советот на Европа (2006 – 2015)

(Viveca Arrhenius, советник во Министерството за Социјална Политика и Здравство во Финска)

Viveca Arrhenius

Минатиот април г-ѓа Архениус беше избрана за претседавач на Европскиот Координативен Форум за Акциониот План за прашањето на хендикеп (2006 – 2015) на Советот на Европа. ЕАСПД имаше можност да ја интервјуира г-ѓа Архениус.

Зошто е важен Акциониот План за прашањето на хендикеп (2006 – 2015) на Советот на Европа?
Во март 2007 година Конвенцијата на Обединетите Нации за Правата на Лицата со Хендикеп беше отворена за потпишување. Конвенцијата на Обединетите Нации која е законски обврзувачка спогодба за земјите членки, ги поставува целите на идните принципи за прашањето на хендикеп во сите земји членки.
Подготовката на Акциониот план на Советот на Европа се совпадна со почетокот на преговорите на Обединетите Нации. Затоа, Акциониот план на Советот на Европа од самиот почеток ги покрива истите тематски области како и Конвенцијата на Обединетите Нации. Акциониот план на Советот на Европа може да се гледа како Пан-европска стратегија за имплементација на Конвенцијата на ОН. Главната цел на Акциониот план е да послужи како практичен инструмент за развој и имплементација на национални стратегии кои ќе резултираат со целосно учество на лицата со хендикеп и со борба против дискриминацијата.
Планот содржи 15 акти кои ги покриваат главните области на живеењето. Исто така ги нагласува човековите разлики и се фокусира на специфичните потреби на жените и девојките со хендикеп, на лицата кои имаат потреба од комплексни типови на поддршка, на децата и младите со хендикеп, на возрасните лица со хендикеп и на лицата со хендикеп од малцинските групи и на мигрантите. Овој пристап е всушност основната карактеристика на Акциониот план за прашањето на хендикеп на Советот на Европа.
Советот на Европа презентира Пан-европска платформа за стратешко планирање и градење политика за своите 47 земји членки. Акциониот план е сеопфатна рамка која е флексибилна со цел да се прилагоди на условите на секоја земја. Тој на земјите членки им помага со тоа што им нуди инструкции на оние што ја градат политиката како да дизајнираат, да прилагодат, да менуваат и да имплементираат стратегии, планови и иновативни програми.

Според вашето лично мислење каква улога има Европскиот координативен Форум за Акциониот План за прашањето на хендикеп (2006–2015) на Советот на Европа?
Европскиот координативен Форум за Акциониот План (2006 – 2015) на Советот на Европа е прв меѓувладин комитет за градење на политика за прашањето на хендикепот на Пан-европско ниво составен од 47 земји членки.
Неговата улога е да го промовира, да го имплементира и да го следи развојот на Акциониот на

Советот на Европа. Освен тоа Форумот е дизајниран ефективно да ја координира соработката внатре во владата и меѓуинституционалната соработка на полето на хендикепот заедно со меѓународните и невладините организации и набљудувачи.
Земјите членки имаат примарна одгворност да имплементираат закони од областа на хендикепот на национално ниво. Улогата на Форумот е да им помага на земјите членки во изработката на нивните стратегии, програми и активности во врска со прашањето на хендикеп. Подобар квалитет на живеење за лицата со хендикеп во Европа може да се постигне на пример со кампањи за подигнување на јавната свест, со овозможување на пристапни и висококвалитетни сервиси и преку воведување на прашањето за хендикепот во сите законски области.
Форумот овозможува пан-европска платформа за дијалог и активности од областа на хендикепот. Членовите на Форумот се високи владини претставници од 47 земји. Другите членови претставуваат различни тела и комисии на Советот на Европа, други меѓународни организации (UNO, UNESCO, UNICEF WHO, ILO, UNDP, OECD), земји набљудувачи (Канада, Јапонија, Мексико, САД), Европската Комисија и невладини организации (Европскиот Форум за хендикеп- **European Disability Forum**). Првиот состанок на Координативниот форум се одржа во април 2007-та, во Стразбург.
Форумот, исто така ќе се фокусира да ја зајакне европската соработка во полето на хендикепот и ќе овозможи ефективна размена на информации, искуства и успешни примери на структурен начин**.** Форумот е место каде истокот се среќава со западот ,а северот се среќава со југот.

Како ја гледате улогата и работата на сервисните служби и другите чинители?
Важно е да се разбере дека Советот на Европа се состои од 47 земји членки со различни економски, социјални и културни традиции и услови. Улогата на сервисните служби и на невладините организации е различна во секоја земја членка.
На европско ниво, силна политичка обврска за соработка со различни чинители беше манифестирана во описот за работни задачи на Координативниот Форум за Акциониот План. Советот на Европа испраќа јасна порака која вели дека треба да се развијат закони, правила и активности низ цела Европа, заедно со сите релевантни фактори во полето на хендикепот.
Сервисните служби и другите партнери навистина имаат што да понудат кога станува збор за промоција, имплементација и следење на Акциониот план на Советот на Европа. Сите партнери се повикани да му помогнат на Советот на Европа и на неговите земји членки во промоцијата на Акциониот план низ цела Европа. Сервисните служби имаат свои мрежи и тие допираат до лицата до кои државниот систем можеби не може да допре. Тие имаат посебна улога кога станува збор за надградување на знаењата и до „знаеш- како“ технологиите, на пример за квалитетот на услугите и обуката на персоналот.
Сервисните служби ќе може да придонесуваат на тој начин што ќе даваат повратни информации од проценката на сервисите. Можеби нивна најважна улога е да ја подобрат/зајакнат агендата за прашањето на хендикеп, земајќи учество во дијалогот што се одвива на европско ниво.

Која е вашата лична амбиција?
Како претседавач на Координативниот Форум јас сум многу задоволна од тоа како се одвиваше работата за време на првиот состанок на Форумот во април 2007-та. Ние постигнавме да изградиме структура со оддел, работна група и веб страна за собирање информации за стратегии и закони од областа на хендикепот од сите 47 замји членки. Сега кога платформата е формирана ние може да започнеме со развивање на активности во земјите членки во партнерство со сите учесници и набљудувачи на Форумот.
Во годините што доаѓаат, сакам да видам дела и активности кои се појавуваат во различни делови од Европа во соработка со сите релевантни чинители. Мојот сон е дека Координативниот Форум ќе се смета за проактивна платформа која е насочена кон иднината и ќе се користи за размена на информации, дискусии и позитивни искуства/примери во полето на хендикепот. Во наредните години ние треба да ги вклучиме подеднакво сите земји членки и да се изгради силна поддршка за Форумот од сите земји членки и партнерите. Јас се надевам дека владите ќе увидат колку е важно да се работи рамо до рамо со невладините организации и со другите релевантни чинители во имплементацијата и евалуацијата на правилата и стратегиите по прашањето на хендикепот. Посакувам Форумот за сите нас да стане место каде ќе се состануваме, место каде ќе дискутираме и место каде што ќе се раѓаат нови идеи.

ЕАСПД и се заблагодарува на г-ѓа Архениус за нејзината соработка во овој напис и ќе продолжи колку што е можно да придонесува за важната работа која е направена со Акциониот План на Советот на Европа.

Факти

Име: Акциониот план на Советот на Европа ги промовира правата на лицата со хендикеп и нивното целосно учество во општеството: подобрувајќи го квалитетот на животот на лицата со хендикеп во Европа 2006 – 2015

Важно: Имплементира промена на моделот на гледање на хендикепот од медицински кон модел кој е социјален и базиран на правата на лицата со хендикеп и се стреми кон долгорочна внатревладина соработка помеѓу 47- земји членки на Советот на Европа. Исто така Акциониот план може да стане инструмент кој ќе им помогне на земјите членки да ја спроведуваат неодамна донесената Конвенција на ОН.

Пристап: Акциониот план предлага остварливи стратегии кои ќе донесат целосно учество на лицата со хендикеп и воведување на прашањето на хендикеп во сите законски полиња. Ова е објаснето во 15 точки.

Начин на дејствување:
- Формиран е Координативен Форум (во рамките на Акциониот план за прашањето на хендикеп на Советот на Европа) кој ќе се состанува еднаш годишно.
- Претседавач на Форумот: г-ѓа Вивека Архениус (Финска), заменик претседавач е г-н Питер Кемини.
- Европскиот координативен Форум ќе дискутира за конкретна работна програма за промоција на Акциониот план.
- ЕАСПД има своја позиција во Форумот и ги претставува меѓународните невладини организации.

Повеќе информации: http://www.coe.int/

Шеф на Советот на Европа:
Г-н Thorsten Afflerbach

Позицијата на EASPD: ЕАСПД е член на Форумот и активно ќе ја промовира имплементацијата на Акциониот план. Во текот на 2009-та ЕАСПД во Стразбур ќе организира тематска конференција која ќе се фокусира на четвртата точка, Образование.

Марит Алто
*Истражувач **FDUV** – Финска*
Важноста на Акциониот план на Советот на Европа за лицата со хендикеп е основна поддршка за идната насока на политиката што се однесува на прашањето на хендикеп и за развојот на услуги со висок квалитет. Исто така, дава насоки за идно планирање. Затоа е важно Акциониот план да се рапространи и да се имплементира кај членките на ЕАСПД.
За FDUV, Акциониот план на Советот на Европа е инструмент за континуирани и зјакнати залагања за обезбедување на услуги на лицата со хендикеп.

Joke Ellenkamp
*Генерален менаџер на **Pameijer** - Холандија*
Акциониот план за сервисните служби има исто значење како и ластарот за грозјето. Акциониот план култивира и поддржува и дава инструкции/насоки. Дури и ако грозјето за тоа не е свесно. Како и да е, корисникот на сервисите ќе има корист од подобриот квалитет на производот.
Ова не е само празна метафора. Многу сервисни служби сеуште не препознаваат колку е големо влијанито на европското право врз нивните секојдневни активности. Но сепак, добрите искуства излегуаат на површина и постигнуваат ефект; во Европа се појавува колективен систем на вредности. Важноста на ова не може да се потценува.
Ние го прифаќаме Европскиот Акционен план како неоходен ластар во нашиот развој.

Порака од Комисијата за Советот, за Европскиот Парламент, Европскиот Економски и Социјален Комитет и Комитетот на Регионите: Еднакви Можности за лицата со хендикеп: Европски Акционен План

Европски акционен план води до еднакви можности за лицата со хендикеп?!
(Hilde De Keyser, Офицер за Развој и Истражување, ЕАСПД)

2003 година беше значајна година за секторот на лицата со хендикеп на повеќе начини. Би било штета доколку моментот од Европската година на Лицата со Хендикеп не беше искористен да се започне патот кон вистински еднакви можности. Партнерите на Европската година на Лицата со Хендикеп, заедно со Европската Комисија како водечки партнер се договорија да направат работна верзија на акцинонен план со временска рамка до 2010 година, кој ќе биде проценуван и надоградуван секои две години со полугодишен извештај.
Европскиот акционен план беше (и е) важен документ поради неговиот човечки тон кој е фокусиран на прашања за квалитетот на живот и закони за семејна грижа. Го потврдува неговиот пристап базиран на човековите права, со фокусирање на пристапноста, вклучување на прашањето за хендикепот во други релевантни законски полиња, соработка меѓу чинители, вработување и инклузија.
На сите инволвирани страни (чинители), како и на сревисните служби им е потребен овој документ како поддршка за промена на делувањето кон сервиси базирани врз потребите на лицата, кон високо квалитетни сревиси и вклучување во редовните текови. Затоа ние активно придонесуваме кон полугодишните извештаи за акциониот план, надоградување и подобрување на фокусот на почетниот документ и насочување кон поотворен поглед кон различни теми:
Вработувањето е од екстремна важност со цел да се постигне инклузија и целосно учество на лицата со хендикеп, но е не единствено прашање. Следењето на вработувањето и ризикот од постојана зависност од сервисите за поддршка треба да се земе во предвид. Во последните 4 години ЕАСПД постојано го свртува вниманието на овие прашања што резултираше со тоа што најновиот полугодишен извештај е помалку „ексклузивно„ насочен кон вработувањето, во споредба со предходните.
Кога се креира повеќегодишен акционен план за еднакви можности не треба да ги игнорираме лицата со голема зависност и поврзано со тоа и важноста од вистинска соработка помеѓу сите фактори. Иако се сложуваме дека претставниците на лицата со хендикеп и нивните семејства и пријатели се први и главни консултантски партнери на Европските институции, ние сме исто така убедени и за важноста од придонесот на професионалците и организациите-социјални сервиси. Нивната улога при подигнување на јавната свест и нивното делување како мостови за инклузивно општество, не можат да бидат потценети. Нивната позиција им овозможува да делуваат на различни аспекти како што се: чинењето на сервисите за поддршка, потребата од персонал и работодавци, неопходните промени на социјалната сигурност и структурите за поддршка во земјите членки, да се даде совет со цел да се поддржат луѓето со хендикеп, да се постигне најмногу од нивните способности во секое поле од животот. Предизвик е да се одобри отвореноста кон вистинска соработка помеѓу сите партнери, но ако сакаме да постигнеме вистинска инклузија треба да го одржуваме овој фокус жив
Со цел да се постигнат целите за 2010 сметаме дека следните предизвици треба да бидат дел од следниот полугодишен извештај:
• Демографската реалност се менува и тоа има влијание на секторот кој се занимава со лицата со хендикеп. Во однос на тоа од витално значење е да се започне дебата. Според нас во следните години Акциониот план треба да се фокусира на оваа тема.
• Со цел да се постигнат еднаквите можности треба да се постигне конзистентност помеѓу сите документи по тоа прашање.
• На пристапноста треба да се пријде како кон повеќеслоен концепт. Без да се земат во предвид достапноста, адаптибилноста и финансиската достапност нема никогаш вистински да се постигне пристапност.
• Следен битен чекор за Европскиот Акционен план е неговата имплементација.

Европскиот Акционен план на Европската комисија е постоечки документ кој стартуваше од силна појдовна точка и кој сега добива уште посилна позиција, со оглед на тоа што нуди нови предизвици и почна да отвара нови перспективи. Ние како ЕАСПД во блиска иднина будно ќе ја следиме еволуцијата со цел да се постигнат зацртаните цели за 2010-та, како и на имплементацијата на документот. Доколку сите партнери заедно ги постигнат зацртаните цели,

како и имплементацијата на овој документ тоа ќе значи дека е постигнат голем чекор кон почитување на човековите права на лицата со хендикеп и еднаквоста на нивните можности.

Факти

Име: Порака од Комисијата за Советот, за Европскиот Парламент, Европскиот Економски и Социјален Комитет и Комитетот на Регионите: Еднакви Можности за лицата со хендикеп: Европски Акционен План

Релевантно: Овој документ е еден од резултатите на Европската Година на Лицата со хендикеп, иницираn со цел да се постигне одржлив и оперативен пристап кон прашањето за хендикепот низ Европа. Секои две години се изготвува полугодишен извешатај врз основа на овој повеќегодишен акционен план. Овие извештаи ќе идентифицираат нови приоритети во однос на состојбата на лицата со хендикеп во проширената Европска Унија.

Начин на дејствување:
Европската Комисија заедно со сите партнери на Европската Година на лицата со хендикеп 2003, повика да се искористи моментот од оваа година, што доведе до оваа Порака. Трите оперативни цели на оваа Порака се:

- Постигнување целосна примена на Еднаковиот третман при Вработување и Насоки за Работно ангажирање (2000/78/ЕС)
- Зајакнување на процесот за вклучување на прашањето за хендикепот во сите релевантни локални закони/политики
- Подобрување на пристапноста за сите

Повеќе информации:
Текстот за Акциониот план: http://ec.europa.eu/employment_social/news/2003/oct/en.pdf
Шеф на одделот за хендикеп во ЕС: Wallis Goelen

Позицијата на ЕАСПД
Една од важните теми во Пораката е соработка помеѓу чинителите. Ние како обезбедувачи на социјални сервиси сме убедени дека од голема важност е овој модел да се стави во пракса, со цел да се вклучи прашањето за хендикепот во редовните текови и инклузија на лицата со хендикеп. Последниот полугодишен извештај фокусиран на пристапноста на сервисите, што е многу значајно прашање за нас како мрежа на обезбедувачи на сревисни служби. ЕАСПД обезбедува редовни информации за полугодишните извештаи.

Paul Trehin
Потпретседател на Аутизам Европа - Франција
Додека ги усвојуваме директивите на Комисијата и другите изјави во врска со лицата со хендикеп, Аутизам Европа смета дека вработувањето иако е битен елемент на не-дискриминација не е единствен или примарен елемент/аспект. Перманентното учење и пристапноста треба да ги земат в предвид и когнитивните потешкотии на лицата со аутизам. Последно но не и најнебитно, дискриминацијата од заедницата (влијанието врз семејството: на пример, напуштање на работното место поради недостиг на сервисни служби) не е опфатена.
Затоа ние очекуваме од Комисијата пошироки директиви/насоки за не-дискриминација, одејќи над вработување за лицата со хендикеп и пристапноста поврзана со мобилноста и сензорните оштетувања

Bas Treffers,
Потпретседател на ЕДФ

Bas Treffers

Во 1976 година Генералното собрание на ОН одлучи 1981 година да биде Меѓународна година на лицата со хендикеп. Триесет години подоцна тие усвоија Конвенција за Правата на лицата со хендикеп. Триесет години со значаен столб како членот 13 од Договорот во Амстердам, кој ја утврди забраната за дискрининација на лицата со хендикеп во Европската Унија. На повисок степен, Советот на Европа во октомври 2006, во Сант Петерсбург усвои Акционен план за прашањето на хендикеп, а неодамна Европската Унија лансираше сличен, само пообврзувачи план. На сите нивоа Европскиот Форум за хендикепот

(EDF) и неговите членови одиграа витална улога во овие процеси.
Како и да е, добри намери не се доволни. Здруженијата на лица со хендикеп ќе треба да ги надгледуваат сите мерки што ќе се превземаат, а што произлегуваат од овие документи. Движењето на лицата со хендикеп и нивните организации треба да имаат голем придонес во донесување на законите, земајќи ги в предвид сите аспекти на живеењето. Важен аспект е и односот на сервисните служби. ЕАСПД ќе ги поддржува лицата со хендикеп и како индивидуалци и како организации, не само грижејќи се за нив, туку почитувајќи го нивниот избор и подржувајќи го нивното надградување.

Дознајте повеќе за интернационалните полиси и Европски настани преку новата страница на EASPD: www.easpd.eu!

Рим, Италија
14 – 16 февруари 2008

Конференција
„Законски рамки за да се олесни развојот на Сервиси во Заедницата и Сервиси фокусирани врз потребите на личноста-Имплементација на Конвенцијата на ОН "

Управен одбор на ЕАСПД,
Статусни Комитети

Лисабон, Португалија
9 – 10 ноември 2007

Конференција
„Заедно со фамилиите"

Европски Музички Фестивал
Организиран од ARCIL

Управен одбор на ЕАСПД, Генерално Собрание, Статусни Комитети

Оваа публикација ги рефлектира погледите само на авторот и Комисијата не може да биде одговорна за било каква употреба која може да биде направена од информациите кои се наоѓаат овде.